ЗДРУЖЕНИЕ НА ИСТОРИЧАРИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ASSOCIATION OF HISTORIANS OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA

# ИСТОРИЈА

## Journal of History

ГОД. LVI СКОПЈЕ 2021 БР. 1-2

# ИСТОРИЈА

ГОД. LVI | СКОПЈЕ 2021 | БР. 1-2

ИЗДАВАЧ

ЗДРУЖЕНИЕ НА ИСТОРИЧАРИТЕ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ул. Григор Прличев 3
1000 Скопје
РС Македонија

PUBLISHER

ASSOCIATION OF HISTORIANS
OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA
3, Grigor Prličev st.
1000 Skopje
RN MACEDONIA

РЕДАКЦИЈА

Војислав Саракински
Маја Ангеловска–Панова
Никола Минов
Габриела Топузовска
Тони Филипоски
Лидија Ѓурковска
Клер К. Тејлор
Ендрју П. Роуч
Јури Стојанов
Денис Озден
Лила Мороз-Гжелак
Марио Катиќ
Марина Михаиловна Фролова
Стефан Рохдевалд
Думитру-Каталин Рогожану

EDITORIAL BOARD

Vojislav Sarakinski
Maja Angelovska–Panova
Nikola Minov
Gabriela Topuzovska
Toni Filiposki
Lidija Gjurkovska
Claire K. Taylor
Andrew P. Roach
Yuri Stoyanov
Denis Özden
Lila Moroz-Grzelak
Mario Katic
Marina Mihailovna Frolova
Stefan Rohdewald
Dumitru-Catalin Rogojanu

ЛЕКТУРА

Нада Алексоска

PROOFREADING

Nada Aleksoska

КОНТАКТ

sarakinski@gmail.com
lidija.dimitrijevska@gmail.com

CONTACT

sarakinski@gmail.com
lidija.dimitrijevska@gmail.com

# СОДРЖИНА

## СТАТИИ И СТУДИИ


5 Маја Ангеловска – Панова
Молитвата *Оче наш / Pater noster* во христијанската и во хетеродоксната иницијација

21 Salvatore Costanza
La politica adriatica di Guglielmo il Buono e di Manfredi: paradigmi di interazione tra Sicilia e Balcani

35 Владимир Кухар
Монголските воени операции на Балканскиот полуостров 1241-1242 и нивното влијание врз состојбата на средновековните балкански држави

57 Јулија Митревска
Дева, Огнена или Мокра Марија?

87 Ненад Саздовски
Влијанието на македонскиот политички сепаратизам врз развојот на македонската национална свест

121 Васко Гичевски
Обработката на земјата во селата од Битолскиот санџак, 1878-1912

137 Димитар Љоровски Вамваковски
Дејноста на грчките „македономахи“ во Османлиска Македонија: меѓу националниот мит и историската реалност

161 Виктор Трајановски – Васко Гичевски
Детството во османлиска Битола од почетокот на XIX век до 1912 година

185 Borče Nikolov
The Holy Trinity. The Boycott Policy of the MRO

201 Nikola Minov – Vojislav Sarakinski
Football in Ottoman Macedonia

233 Gunjul (Gönül) Bektaş
The Ottoman Theatre in Skopje

249 Александар Манојловски
Состојбата на еврејските вероисповедни општини во вардарскиот дел од Македонија во 1937 година според извештајот на Давид Леви

279 Габриела ТОПУЗОВСКА
Здравствената состојба во НРМ, 1945–1946 година

297 László BÍRÓ
Sphere-of-influence politics on the Balkans in the mid-20th century in the mirror of the Soviet–Yugoslav relations

323 Драгица ПОПОВСКА
Издавачката дејност во југословенската културна политика (1945-1952)

## ИЗВОРИ И ДОКУМЕНТИ

341 Војислав САРАКИНСКИ
Атинските декрети за Метона

355 Стефан ПАНОВСКИ
Филип V и сојузот со Ханибал

381 Владимир ЦВЕТКОВСКИ
Боишта на Македонскиот фронт во Првата светска војна во дела од британски автори (прилог кон проучувањето на британско-македонските врски)

## МЕТОДИКА И ДИДАКТИКА

399 Борче МИЛОШЕСКИ
Видео игрите и современата настава по историја

## КРИТИКА И БИБЛИОГРАФИЈА

415 Даниела ТОШЕВА
В. Саракински и С. Пановски, Антички државни системи

421 Нецад МЕХМЕДОВИЌ
А. Цафер и М. Салим, Ескиджумайският панаир: център за стопански и културен диалог през XIX век

## IN MEMORIAM

425 Садик ИДРИЗИ – Нецад МЕХМЕДОВИЌ
In memoriam: Шериф Ајрадиноски (1959–2021)

УДК: 327.51(381:397.3)"215"
94(381)"02"

Стефан Пановски
Филозофски факултет, Скопје
spanovski@gmail.com

# ФИЛИП V И СОЈУЗОТ СО ХАНИБАЛ

*Апстракт.* – Во трудот е даден превод на договорот меѓу Филип и Ханибал постигнат во 215 г., проследен со белешки и објаснувања, со посебен осврт на одредбите што се однесуваат на повоената ситуација во Илирија, како и со куса дискусија за мотивите на Филип. Заклучокот е дека независно од изворите, последниот збор во креирањето на политиката го имал Филип, кој поради судирот со Скердилаида се обидел да завладее со илирското крајбрежје. Римската реакција го убедила дека тоа не е возможно без директен судир со Рим, поради што и склучил сојуз со Ханибал.

*Клучни зборови.* – Филип V, Ханибал, Деметриј од Фарос, Рим, Полибиј, Илирија.

Летото 215 г.,[1] римската ескадра што го бранела крајбрежјето на Калабрија пресретнала непознат и сомнителен брод што пловел на исток. Меѓу патниците бил Ксенофан од Атина, кој објаснил дека е пратеник на Филип V, испратен во Рим со задача да склучи сојуз со Републиката. За момент се чинело дека лукавството (по втор пат) ќе успее, но тогаш Римјаните откриле тројца картагински пратеници, а меѓу нивните работи и еден документ од исклучителна важност. Станувало збор за договор за сојуз меѓу македонскиот крал Филип V и картагинскиот војсководец Ханибал.[2] Така, Сенатот неочекувано ги открил намерите на Филип, па иако во прв момент вознемирени и возбудени од опасноста од

[1] Сите години се стара ера.

[2] Bickerman 1952, 18, смета дека договорот што имал форма на *berit*, го обврзувал единствено Ханибал, а не и картагинската држава во целост. Hoyos 1994, 254-256, уверливо ја побива оваа претпоставка.

нова војна, сенаторите набргу донеле соодветни мерки и ја засилиле флотата во Апулија, а на преторот Валериј Лајвин му наредиле будно да го следи дејствувањето на Филип. Од своја страна пак, кога дознал за заробувањето на пратениците, Филип испратил нови пратеници кои овојпат успеале да се провлечат низ римските патроли и да склучат сојуз со Ханибал. Накусо, вака гласи приказот на Ливиј за околностите во кои бил склучен сојузот меѓу Филип и Ханибал, но и за начинот на кој Римјаните дознале за тоа.[3] Иако некои елементи се сомнителни, нема потреба да се сомневаме во генералната точност на приказот. Меѓутоа, следејќи некој аналистички извор, одредбите од договорот кај Ливиј се преувеличани и сензационалистички, дури и неисторични – што важи и за останатите извори под влијание на аналистичката традиција или пак на самиот Ливиј.[4]

За среќа, друга верзија на договорот, независна од аналистичката традиција, е зачувана кај Полибиј. Анализата на јазикот, стилот и изразот покажува дека текстот не е творба на ахајскиот историограф, ниту пак литерарна адаптација, туку доследен препис од збор до збор на оригиналниот договор.[5] Истовремено јазичната анализа покажува дека станува збор за грчки превод на пунскиот оригинал – најверојатно[6] верзија-

---

[3] Liv., 23.33-34.1-9, 38-39.1-4.

[4] Liv., 23.33.10-12; App., *Mak.*, 1; Eutrop., 3.12.2; Zon., 9.4. Според оваа верзија Филип веднаш би му притекнал на помош на Ханибал во Италија, а по крајот на II Пунска војна, Ханибал би му помогнал на Филип да ја освои Хелада (Ливиј оди најдалеку и вели дека Ханибал ќе војувал против кој и да е непријател на Филип). Останатите извори каде се споменува договорот не нудат ништо дополнително (Nepos, 23.2.1; Just., 4.2-3; Silius, 15.289-290; Flor., 1.23.4).

[5] Детална јазична анализа кај Bickerman 1944.

[6] Errington 1989, 96, се прашува зошто Римјаните би чувале копија од нацрт договор меѓу две непријателски сили, и претпоставува дека се работи за македонската копија запленета од кралската архива по битката кај Пидна. Два аргументи говорат против оваа теза. Прво, знаеме дека по заробувањето на Ксенофан, Филип испратил други пратеници кои овојпат успешно ги минале римските линии. Во таа смисла, не само што не е јасно зошто Филип би чувал копија од првичната верзија, туку и како воопшто добил копија од неа ако била запленета кога бил заробен Ксенофан. Дури и ако претпоставиме дека втората верзија била идентична на првата (иако ова делува сомнително, зашто барем името на Ксенофан би било заменето со имињата на вторите пратеници), Полибиј (18.33.1-3) е дециден дека по поразот кај Киноскефала, Филип ја запалил кралската преписка и официјалните документи, така што, и да чувал копија од договорот, таа веројатно била уништена. Прашањето е интересно и заслужува внимание, особено ако станува збор за оригиналната копија што се чувала во Рим, зашто ова веројатно најдобро би го доловило нескрот-

та што Римјаните ја заплениле од Ксенофан и картагинските пратеници во 215 г.

῞Ορκος, ὃν ἔθετο Ἀννίβας ὁ στρατηγός, Μάγωνος, Μύρκανος, Βαρμόκαρος,[7] καὶ πάντες γερουσιασταὶ Καρχηδονίων οἱ μετ' αὐτοῦ καὶ πάντες Καρχηδόνιοι στρατευόμενοι μετ' αὐτοῦ πρὸς Ξενοφάνη Κλεομάχου Ἀθηναῖον πρεσβευτήν,[8] ὃν ἀπέστειλε πρὸς ἡμᾶς Φίλιππος ὁ βασιλεὺς Δημητρίου[9] ὑπὲρ αὑτοῦ καὶ Μακεδόνων καὶ τῶν συμμάχων,[10] (2) ἐναντίον Διὸς καὶ Ἥρας καὶ Ἀπόλλωνος, ἐναντίον δαίμονος[11] Καρχηδονίων καὶ Ἡρακλέους καὶ Ἰολάου, ἐναντίον Ἄρεως, Τρίτωνος, Ποσειδῶνος, ἐναντίον θεῶν τῶν συστρατευομένων[12] καὶ[13] ἡλίου

Заклетва што ја положија војсководецот Ханибал, Магон, Миркан, Бармокар и сите картагински герусијасти што се со него, и сите Картагинци во неговата војска од една страна; и од друга, пратеникот Ксенофан Клеомахов од Атина, кој нѝ го испрати кралот Филип Деметриев да се заколне во негово име и во името на Македонците и на сојузниците. (2) Пред Ѕевс, Хера и Аполон, пред Дајмонот на Картагина, Херакле и Јолај, пред Ареј, Тритон и Посејдон, пред боговите на оние кои се борат со нас, пред

ливиот гнев кон Филип, кој се обидел да ја искористи моменталната слабост на Републиката во најкритичниот период од II Пунска војна.

[7] Овие тројца веројатно се претставници на картагинската власт кои биле и дел од советот на Ханибал. Магон подоцна ќе биде заробен заедно со Ксенофан (Liv., 23.34.2-9), а за останатите двајца не се знае ништо повеќе. *v.* Walbank 1967, ad loc.

[8] За овој Ксенофан не се знае ништо повеќе.

[9] Формулацијата Φίλιππος ὁ βασιλεὺς Δημητρίου е крајно невообичаена за хеленистичките кралски куќи и најверојатно го одразува пунскиот редослед и формула (*e.g.* „Хилешабал, суфетот, син на Бодтанит", Bickerman 1944, 98). Генерално за кралските формули од хеленистичкиот период *v.* Aymard 1948; за македонските владетели, *v.* Errington 1974; за Филип V, *v.* Dow & Edson 1937, nos. 21, 22, 23; Edson 1940, 126.

[10] Идентична формула и поделба на крал, Македонци и сојузници срекаваме и на посветата од победата кај Селасија (*Syll.*$^3$ 518): βασιλεὺς Ἀντίγο[νος βασιλέως] / Δημητρίου κα[ὶ Μακεδόνες] / καὶ οἱ σύμμαχοι [ἀπὸ τῆς περὶ] / Σελλασίαν μάχ[ης Ἀπόλλωνι]. Кое е правното значење и важноста на ваквата поделба на крал и Македонци е прашање за кое детално се дискутира во последниве педесетина години. За спротиставени толкувања *v.* Errington 1978; Hatzopoulos 2020, 88-121.

[11] Во науката се понудени бројни решенија за тоа кое божество е „заштитникот на Картагина", но трите најпопуларни предлози се Гад, Танит, или Астарте. Иако нема дефинитивен доказ, се чини дека Астарте е најверојатното решение. *v.* Barré 1983, 64-73.

[12] Вообичаено фразата се преведува со „боговите кои се борат со нас". Но, во тој случај би имале удвојување со θεῶν πάντων τῶν κατὰ στρατείαν, ὅσοι τινὲς ἐφεστήκασιν ἐπὶ τοῦδε τοῦ ὅρκου, кои се спомнуваат на крајот на инвокацијата. Поради тоа ја прифаќам претпоставката дека станува збор за боговите на другите народи кои се дел од војската на Ханибал, а не за картагинските, што би можело да се поткрепи со фактот што ваква формулација се среќава и на хетитските договори. *v.* Barré 1983, 87-88.

καὶ σελήνης καὶ γῆς,[14] ἐναντίον ποταμῶν καὶ λιμένων[15] καὶ ὑδάτων,[16] (3) ἐναντίον πάντων θεῶν ὅσοι κατέχουσι Καρχηδόνα, ἐναντίον θεῶν πάντων ὅσοι Μακεδονίαν καὶ τὴν ἄλλην Ἑλλάδα κατέχουσιν, ἐναντίον θεῶν πάντων τῶν κατὰ στρατείαν, ὅσοι τινὲς ἐφεστήκασιν ἐπὶ τοῦδε τοῦ ὅρκου.[17]
(4) Ἀννίβας ὁ στρατηγὸς εἶπε καὶ πάντες Καρχηδονίων γερουσιασταὶ οἱ μετ' αὐτοῦ καὶ πάντες Καρχηδόνιοι (οἱ) στρατευόμενοι μετ' αὐτοῦ, ὃ ἂν δοκῇ ὑμῖν καὶ ἡμῖν, τὸν ὅρκον τοῦτον

сонцето, месечината и земјата, пред реките, морињата и водите, (3) пред сите богови кои господарат со Картагина, пред сите богови кои господарат со Македонија и останатиот дел од Хелада, пред сите богови кои го придружуваат походот и кои се сведоци на оваа заклетва.
(4) Стратегот Ханибал, заедно со сите картагински герусијасти што се со него и сите Картагинци во неговата војска, предложи согласно она што ни се чини добро и

[13] Barre 1983, 88-89, уверливо докажува дека за да се зачува симетријата и групирањето по тријади, мора да се претпостави дека во ракописите ἐναντίον што би стоел пред ἡλίου испаднал, а празнината подоцна била дополнета со καί.

[14] Во овој случај не станува збор за божествата, туку за обоготворени форми на природните елементи. Вообичаениот пар „Небеса и Земја“ што е една од најчестите формули во договорите на стариот Исток, заради чувството за симетрија и задржување на тријадната структура тука е проширен во „Сонце-Месечина и Земја“. *v.* Barré 1983, 89-90.

[15] Во ракописот пишува δαιμόνων, што не е невозможно, но сепак не е веројатно, така што има потреба од емендација. Вообичаената форма λιμένων што се среќава во повеќето изданија е подеднакво проблематична и не е сосема соодветна. Затоа во преводот е прифатена емендацијата во λιμνῶν. (Walbank 1967, ad loc.; Weil 1982, 56 n.3). Но, Barré 1983, 90-92, убедливо докажува дека во овој случај зад λιμνῶν стои пунското *ymm*, така што попрво би требало попрво да се сфати како море (или голема водена површина) кое има важна космогониска улога за разлика од езерото. Во таа смисла, ако λιμνῶν има значење на езеро, тогаш преводот на хеленски не е сосема точен; но треба да се истакне дека истиот збор може да има и значење на море, *e.g.* Joseph., *BJ*, 3.506: Ἡ δὲ λίμνη Γεννησὰρ, за Галилејското море (кое вообичаено се нарекува *thálassa*); за други примери *v.* *LSJ*$^9$, s.v. λίμνη.

[16] Во овој контекст водата треба да се сфати или како моќна и хаотична примордијална сила, или пак како извор, во контекст на исконски елемент на плодност, како што и често се среќава во староисточните договори (Barré 1983, 92-93).

[17] Иако своевремено се верувало дека списокот на богови ги опфаќа двете страни во наизменични тријади, уште од крајот на XIX век е докажано дека всушност станува збор единствено за картагинските божества – македонските и хеленските божества се споменуваат дури кон крајот на инвокацијата. Многу потешко е да се утврди кои картагински божества се кријат зад грчките имиња. Детална дискусија за ова прашање кај Barré 1983; *cf.* Walbank 1967, 46-51. Споменувањето на божествата на втората страна во договорот е невообичаена постапка кај хеленистичките држави и кај Римјаните, но се среќава на стариот Исток, така што и тука станува збор за пунска формулација.

θέσθαι περὶ φιλίας καὶ εὐνοίας καλῆς,[18] φίλους καὶ οἰκείους καὶ ἀδελφούς,[19] (5)

вам и нам, да ја положиме оваа заклетва за пријателство и добронамерност, и да бидеме пријатели, роднини и браќа (5) според следниве услови:

ἐφ' ᾧτ' εἶναι σῳζομένους ὑπὸ βασιλέως Φιλίππου καὶ Μακεδόνων καὶ ὑπὸ τῶν ἄλλων Ἑλλήνων, ὅσοι εἰσὶν αὐτῶν σύμμαχοι, κύριους Καρχηδονίους[20] καὶ Ἀννίβαν τὸν στρατηγὸν καὶ τοὺς μετ' αὐτοῦ καὶ τοὺς Καρχηδονίων ὑπάρχους, ὅσοι τοῖς αὐτοῖς νόμοις χρῶνται,[21] καὶ Ἰτυκαίους,[22] καὶ ὅσαι πόλεις καὶ ἔθνη Καρχηδονίων ὑπήκοα, καὶ τοὺς στρατιώτας καὶ τοὺς συμμάχους, (6) καὶ πάσας πόλεις καὶ ἔθνη, πρὸς ἅ ἐστιν ἡμῖν ἥ τε φιλία τῶν ἐν Ἰταλίᾳ καὶ Κελτίᾳ[23] καὶ ἐν τῇ Λιγυστίνῃ, καὶ πρὸς οὕστινας ἡμῖν ἂν γένηται φιλία καὶ συμμαχία ἐν ταύτῃ τῇ χώρᾳ.[24]

Кралот Филип, Македонците и останатите Хелени кои се негови сојузници, да ги штитат картагинските граѓани, и војсководецот Ханибал и оние кои го придружуваат, и картагинските поданици кои се служат со истите закони, и жителите на Утика, и градовите и племињата кои се картагински поданици, и војниците и сојузниците (6) и сите градови и племиња во Италија, Келтија, и во Лигурија со кои имаме договор за пријателство, и сите оние од овие земји со кои во иднина ќе склучиме договор за пријателство и сојуз.

(7) ἔσται δὲ καὶ Φίλιππος ὁ βασιλεὺς καὶ Μακεδόνες καὶ τῶν ἄλλων Ἑλλήνων οἱ σύμμαχοι, σῳζόμενοι καὶ φυλαττόμενοι[25] ὑπὸ Καρχηδο-

(7) Кралот Филип и Македонците, и сојузниците од останатите Хелени ќе бидат штитени и бранети од Картагинците кои војуваат

[18] Изразот εὐνοίας καλῆς делува како тавтологија во хеленскиот јазик, но веројатно го одразува фојникискиот израз *šekel na'im* (Bickerman 1952, 8). Ова е само еден од неколкуте примери каде хеленскиот делува невешто, несоодветно па дури и збунувачки и несомнено се должи на решенијата на преведувачот што го превел текстот од пунски на хеленски.

[19] Уште една формулација карактеристична за договорите на Истокот (Bickerman, 8-9).

[20] Не е сосема јасно како треба да се сфати κύριους Καρχηδονίους, но една од поверојатните претпоставки е дека станува збор за превод на пунски израз што се однесува на полноправните картагински граѓани (Walbank 1967, ad loc.).

[21] Најверојатно се однесува на Либофојникијците, кои имале право на брак со картагински граѓани, можеби и приватни права во целост, а во случај ако се преселеле во Картагина можеле да се стекнат со целосно граѓанско право (Walbank 1967, ad loc.). Поимот ὕπαρχος вообичаено означува заменик на некаков службеник или заповедник и во овој случај има уникатно значење на потчинет. Ова веројатно се должи на грешка на преведувачот (Bickerman 1944, 97-98).

[22] Утика уживала посебна и привилегирана положба меѓу фојникиските градови под картагинска власт. Меѓу другото, се споменува и во вториот договор меѓу Рим и Картагина (Polyb., 3.24.1, 24.3).

[23] Келтија речиси со сигурност се однесува на Кисалпинска Галија, каде Ханибал имал склучено договори со неколку келтски племиња.

[24] ἐν ταύτῃ τῇ χώρᾳ се однесува на Италија, Кисалпинска Галија и Лигурија.

[25] Изразот σῳζόμενοι καὶ φυλαττόμενοι е невообичаен за дипломатскиот јазик од хеленистичкиот период, каде вообичаено среќаваме субстантивирани форми (*e.g.* ἐπὶ σωτηρίᾳ καὶ φυλακῇ). Но, од друга страна сосема одговара на пунската формула *nṣr wšms*, „зачувува и брани“ (Bickerman, 1944, 98).

νίων τῶν συστρατευομένων καὶ ὑπὸ Ἰτυκαίων καὶ ὑπὸ πασῶν πόλεων καὶ ἐθνῶν ὅσα ἐστὶ Καρχηδονίοις ὑπήκοα, καὶ συμμάχων καὶ στρατιωτῶν, καὶ ὑπὸ πάντων ἐθνῶν καὶ πόλεων ὅσα ἐστὶν ἐν Ἰταλίᾳ καὶ Κελτίᾳ καὶ Λιγυστίνῃ, καὶ ὑπὸ τῶν ἄλλων, ὅσοι ἂν γένωνται σύμμαχοι ἐν τοῖς κατ' Ἰταλίαν τόποις τούτοις.

(8) οὐκ ἐπιβουλεύσομεν ἀλλήλοις οὐδὲ λόχῳ χρησόμεθα ἐπ' ἀλλήλοις, μετὰ πάσης δὲ προθυμίας καὶ εὐνοίας ἄνευ δόλου καὶ ἐπιβουλῆς ἐσόμεθα πολέμιοι[26] τοῖς πρὸς Καρχηδονίους πολεμοῦσι χωρὶς βασιλέων καὶ πόλεων καὶ λιμένων,[27] πρὸς οὓς ἡμῖν εἰσιν ὅρκοι καὶ φιλίαι.

(9) ἐσόμεθα δὲ καὶ ἡμεῖς πολέμιοι τοῖς πολεμοῦσι πρὸς βασιλέα Φίλιππον χωρὶς βασιλέων καὶ πόλεων καὶ ἐθνῶν, πρὸς οὓς ἡμῖν εἰσιν ὅρκοι καὶ φιλίαι.

(10) ἔσεσθε δὲ καὶ ἡμῖν ⟨σύμμαχοι⟩ πρὸς τὸν πόλεμον, ὅς ἐστιν ἡμῖν πρὸς Ῥωμαίους, ἕως ἂν ἡμῖν καὶ ὑμῖν οἱ θεοὶ διδῶσι τὴν εὐημερίαν. (11) βοηθήσετε δὲ ἡμῖν, ὡς ἂν χρεία[28] ᾖ καὶ ὡς ἂν συμφωνήσωμεν.

(12) ποιησάντων δὲ τῶν θεῶν εὐημερίαν ἡμῖν κατὰ τὸν πόλεμον τὴν πρὸς Ῥωμαίους καὶ τοὺς συμμάχους αὐτῶν, ἂν ἀξιῶσι Ῥωμαῖοι συντίθεσθαι περὶ φιλίας, συνθησόμεθα, ὥστ' εἶναι πρὸς ὑμᾶς τὴν αὐτὴν φιλίαν, (13) ἐφ' ᾧτε μὴ ἐξεῖναι αὐτοῖς ἄρασθαι πρὸς ὑμᾶς μηδέποτε πόλεμον, μηδ' εἶναι Ῥωμαίους κυρίους Κερκυραίων μηδ' Ἀπολλωνιατῶν καὶ Ἐπιδαμνίων μηδὲ Φάρου μηδὲ Διμάλης καὶ Παρθίνων μηδ' Ἀτιντανίας. (14) ἀποδώσουσι δὲ καὶ Δημητρίῳ τῷ Φαρίῳ τοὺς οἰκείους πάντας[29], οἵ εἰσιν ἐν τῷ κοινῷ τῶν Ῥωμαίων.

заедно со нас, и од жителите на Утика, и од сите градови и племиња кои се картагински поданици, и од сојузниците и војниците, и од сите племиња и градови во Италија, Келтија, и Лигурија, и од сите оние со кои ќе склучиме сојуз во Италија и соседните области.

(8) Нема да си намислуваме зло едни на други, ниту пак ќе си подготвуваме заседи, туку сосема искрено и добронамерно, без никакви итроштини и сплетки, ќе бидеме непријатели на картагинските непријатели, освен кралевите, градовите и племињата со кои веќе имаме склучено договори и пријателство. (9) И ние ќе бидеме непријатели на непријателите на кралот Филип, освен кралевите, градовите и племињата со кои веќе имаме склучено договори и пријателство.

(10) Ќе бидете наши сојузници во војнава што ја водиме против Римјаните сѐ додека боговите не нѝ подарат победа и нам и вам. (11) Ќе нѝ помагате колку што нѝ е потребно или како што заеднички ќе се договориме.

(12) Кога боговите ќе ни подарат победа во војната против Римјаните и нивните сојузници, ако Римјаните побараат склучување на договор за пријателство, ќе склучиме договор што ќе ве вклучува и вас, (13) под услов Римјаните никогаш да не завојуваат против вас; ниту да господарат со Керкира, Аполонија, Епидамнос, Фарос, Димале, Партините и Атинтаните; (14) а на Деметриј од Фарос да му ги вратат сите пријатели кои се наоѓаат во римската држава.

[26] Според Bickerman, 1944, 100 n. 73, текстот е коректен така како што е и нема потреба од емендирање; но некои сметаат дека по πολέμιοι би требало да се вметне ὑμεῖς μὲν (заедно со соодветните измени во останатиот дел од реченицата), кое би соодветствувало на обврските што Картагинците (ἡμεῖς) ги преземаат во следната одредба (*v.* Walbank 1967, ad loc.).

[27] Оригиналното λιμένων мора да е грешка, и треба да се емендира во ἐθνῶν, соодветно на формулацијата во (9), (Walbank 1967, ad loc.).

[28] Односно според проценката и на барање на Ханибал (Walbank 1940, 71 n.2; Id. 1967, 44).

[29] Не е сосема јасно како треба да се сфати изразот τοὺς οἰκείους πάντας. Предлогот на Bickerman 1952, 16 дека станува збор за заложници не е веројатен, зашто во изворите не се споменува земање заложници ниту по Првата ниту по II Илирска војна

(15) ἐὰν δὲ αἴρωνται Ῥωμαῖοι πρὸς ὑμᾶς πόλεμον ἢ πρὸς ἡμᾶς, βοηθήσομεν ἀλλήλοις εἰς τὸν πόλεμον, καθὼς ἂν ἑκατέροις ᾖ χρεία.
(16) ὁμοίως δὲ καὶ ἐάν τινες ἄλλοι χωρὶς βασιλέων καὶ πόλεων καὶ ἐθνῶν, πρὸς ἃ ἡμῖν εἰσιν ὅρκοι καὶ φιλίαι.
(17) ἐὰν δὲ δοκῇ ἡμῖν ἀφελεῖν ἢ προσθεῖναι πρὸς τόνδε τὸν ὅρκον, ἀφελοῦμεν ἢ προσθήσομεν ὡς ἂν ἡμῖν δοκῇ ἀμφοτέροις.

(15) Ако Римјаните завојуваат против вас или против нас, меѓусебно ќе си помагаме согласно потребите на двете страни. (16) Исто ќе постапиме и ако некој друг завојува против нас, освен кралевите, градовите и племињата со кои имаме разменето заклетви и пријателство.
(17) Ако одлучиме нешто да отфрлиме или пак додадеме на овој договор, ќе го отфрлиме или додадеме само она за што заеднички ќе се согласиме.

1. Како што може да се забележи, иако станува збор за воен сојуз, суштината на договорот е во повоената ситуација, односно поделбата на сферите на влијание. Не само што по завршувањето на војната против Рим сојузот практично би станал дефанзивен,[30] туку и во текот на војната не се предвидени заеднички дејствија. Навистина, се остава можност за евентуално испраќање на македонска помош, но ова попрво делува како формалност, одошто е вистинска намера за непосредна воена соработка.[31] Напротив, Ханибал имал добри причини да не побара непосредна помош од Филип. Прво, со такво нешто, тој би дозволил директно македонско вмешување во она што го сметал за своја ексклузивна сфера на интерес; и второ, од „пасивен" сојузник кој директно не придонел во конечната победа, Филип би се трансформирал во активен сојузник со што и неговите апетити и амбиции во случај на преговори со Рим не би можеле да се задоволат индиректно преку Ханибал (како што е предвидено

(Walbank 1967, 56). Предлогот пак на Kromayer 1909, 245 дека станува збор за поданици на Деметриј генерално се отфрла (*v.* Holleaux 1921, 184 n.1). Според тоа го следам генерално прифатеното решение, односно „сите пријатели на Деметриј", иако Badian 1952, 87, кој претпоставува дека тие биле интернирани во Италија по крајот на војната, мудро остава само οἰκεῖοι, без дополнителен коментар. Веројатно повеќе внимание заслужува предлогот на Petzold 1971, 212 n.55, кој попрво ги толкува како Gefolgschaft.

[30] Walbank 1967, 43-44.

[31] *cf.* Walbank 1967, 55; Errington 1989, 97; Adams, 1993, 48; Hoyos 2003, 126. *contra* Holleaux 1921, 183 n.3; Eckstein 2008, 85. Според Hallward 1930, 62 n.1, во македонската верзија од договорот паралелната одредба би се однесувала на условите под кои Ханибал би преминал на Балканот за да му помогне на Филип. Ваквото толкување не е многу веројатно, зашто во тој случај таквата одредба несомнено би била вклучена и во пунската верзија. Напротив, со оглед на крајно скромниот придонес од македонска страна, се чини многу поверојатно дека за своите услуги Филип единствено би бил компензиран од Ханибал во текот на евентуалните преговори со Рим.

со договорот), туку би морал да добие место на преговарачката маса, со што картагинскиот војсководец би ја изгубил можноста сам да ја конципира политиката кон Рим.[32] Се разбира, можеби најважната причина што нема конкретни планови за заедничко дејствување е фактот што договорот е склучен во очекување на непосреден крај на војната.[33]

Но, ако е тоа така, и ако услов за договорот вистински да профункционира и да биде релевантен е брза картагинска победа, тогаш каква е воопшто потребата од него? Што се однесува до Ханибал, се чини дека и краткорочните и долгорочните мотиви се прилично јасни. Краткорочно, отворањето на нов фронт во најлош случај би претставувало дополнителен товар за и онака преоптоварените римски легии, а во најдобар би можело да биде дополнителна причина што конечно ќе ги принуди Римјаните да започнат преговори – нешто што, дури и по трите тешки порази во изминатите години, тие тврдоглаво одбивале да го направат.[34] Долгорочно, со овој договор Ханибал го обезбедувал источното крило, а со тоа и картагинската доминација во повоена Италија, од еден непријатен и агресивен сосед каков што би можел да биде Филип. Истовремено, Филип можел да послужи како дополнителна пречка при евентуалниот обид на Рим повторно да прерасне во првостепена медитеранска сила.[35]

Во одредена мера истото би можело да се каже и за Филип – постигнување на договор со, во тој момент, најголемата сила во Средоземјето, со што би се обезбедиле македонските позиции од евентуалното идно мешање на Ханибал во Хелада, но и во Илирија која би влегла во македонската сфера на влијание. Истовремено, со договорот Филип се обезбедувал и во случај на потенцијална војна против Римјните, кои би можеле да си ја бараат шансата за повторно издигнување во првостепена сила на исток – нешто слично како што Картагина ја искористила Хиспанија по I Пунска војна.[36] Но, во исто време, постојат и суштински разлики во позициите на Ханибал и Филип. Имено, картагинскиот војсководец се стекнувал со нов сојузник во веќе тековната војна; од друга страна, независно колку биле формални и недефинирани одредбите под кои се вклучил во војната, тие сами по себе го ставале Филип во кар-

---

[32] Bickerman 1952, 15-16; Walbank 1967, 55.

[33] Walbank 1940, 72; Id. 1967, 44.

[34] Polyb., 9.22.5. *cf.* Walbank 1940, 71; Bickerman 1952, 21-22; Gruen 1984, 376; Errington 1989, 96.

[35] Hoyos 2003, 126-127.

[36] Bickerman 1952, 22-23; Adams 1993, 48-49.

тагинскиот табор, односно го вклучувале меѓу непријателите на римскиот народ.[37] Прашањето е на што се должела оваа одлука, што и на Филип мора да му било јасно дека со себе носи огромни ризици?

Имено, не е веројатно дека Филип презел еден толку ризичен чекор само за да склучи во суштина дефанзивен сојуз – какви и да биле потенцијалните долгорочни придобивки од договорот, тие не оправдувале донесување на една исклучително опасна одлука, со која практично се вмешувал во еден од најголемите судири во историјата на Медитеранот. Несомнено, станувало збор за еден опортунистички и грабежлив акт, вообичаен за периодот, во кој моменталната слабост на еден „сосед“ можела да се искористи за сопствена експанзија.[38] Меѓутоа, амбициите и плановите на Филип за Илирија датираат најдоцна од зимата 217 г., кога почнал да подготвува нова флота од лемби.[39] Ова е важно, зашто дури и Ливиј, кој секако не е склон да ги ублажи и намали амбициите на македонскиот владетел, истакнува дека според Филип исходот на војната бил решен дури по третиот тежок римски пораз.[40] Со други зборови, договорот е само кулминација на политиката што Филип ја осмислил уште во годината пред (навидум) решавачката битка кај Кана. Но, пред тоа, накусо да се задржиме на двете конкретни одредби што можеби би ни помогнале подобро да ги сфатиме мотивите на Филип – споменувањето на Деметриј од Фарос, и прашањето за природата на римското присуство во Илирија.

2. Независно како ќе го протолкуваме проблематичниот израз τοὺς οἰκείους πάντας, споменувањето на Деметриј во договорот ја покажува истакнатата улога што ја имал како советник на Филип. Ова е интересно, зашто според Полибиј, по пребегнувањето кај Филип токму Деметриј станал неговиот најважен и највлијателен советник, кој меѓу другото го убедувал младиот крал да го сврти погледот кон Илирија, како увод во борбата за светска власт.[41] Според тоа, барем на прв поглед се чини дека договорот го потврдува приказот на Полибиј. Навистина, во кариерата на Филип има една интересна тенденција – нови и влијателни со-

[37] Errington 1990, 192-193.

[38] Bickerman 1952, 22.

[39] Polyb., 5.109.

[40] Liv., 23.33.1-4. Правилно потенцирано од Gruen 1984, 374.

[41] *Locus classicus* е 5.101.7-102.1. Овој пример е дел од поширокиот наратив за свртувањето на Филип кон Илирија и Италија, на кој му припаѓа и славниот говор на Агелај. Меѓутоа, приказот на Полибиј е проблематичен и неуверлив од повеќе причини и не треба да се прифати во целост. *v.* Пановски 2020.

ветници да истапуваат на сцената токму во периодот кога македонскиот крал почнувал да развива нови правци во надворешната политика,[42] па може да изгледа дека тој лесно потпаѓал под влијание на омилените советници.[43] Ако ова е точно, тогаш идејата и мотивите за свртувањето кон Илирија попрво треба да се бараат во влијанието на Деметриј, одошто во некаква идеја и цел на самиот Филип.

Па сепак, при ваквото толкување е потребно големо внимание. Кариерата на Хераклејд завршува во 199 г., кога бил затворен и погубен, така што неговото влијание завршува токму во периодот кога Филип морал да се откаже од источните планови.[44] Што се однесува, пак, до Апел и Арат, очигледно е дека Полибиј е крајно пристрасен и во основа ја промашува суштината на судирот меѓу двајцата советници. Попрво станува збор за обид на младиот крал да се ослободи од советниците што му биле оставени од Антигон Досон, при што многу умешно го искористил Арат, кој како Ахаец немал традиционална база и поддршка во Македонија, па неговата позиција зависела исклучиво од волјата на Филип.[45] Интересно е што и Хераклејд се споменува во контекст на пресметката меѓу Филип и пет негови советници, која практично претставувала увод во источната политика.[46] Со оглед тоа што во првата половина на своето владеење Филип презел низа агресивни и крајно ризични потфати што веројатно не наидувале на одобрување меѓу дел од македонските првенци, особено оние од времето на Антигон Досон, не треба да изненадува што претпочитал да се потпре на туѓинци и прибегари, чиј статус и влијание зависеле исклучиво од неговата наклонетост. Секако најдобар пример за зависноста на туѓинските *philoi* од кралот е фактот што, кога избегал на Самотрака по поразот кај Пидна, Персеј бил придружуван од само тројца *philoi* - ниту еден од нив Македонец.[47] Ова е до толку поинтересно, зашто

---

[42] На пример судирот меѓу Апел и Арат во суштина се однесувал на пристапот кон Хелада во периодот на Сојузничката војна; Деметриј и илирската политика; Хераклејд и „источната политика“; и Персеј во последниот период од владеењето на Филип.

[43] Изворите за некои од овие *philoi* се собрани кај Le Bohec 1985, no.5 (Апел), no.7 (Деметриј), no.9 (Хераклејд).

[44] Walbank 1940, 106-7, 109, 148, 184, 262.

[45] За „заговорот на Апел“, *v.* Errington 1967.

[46] Diod., 28.2. Според јазикот и моралистичките тенденции, вклучително и описот за понатамошниот „морален пад“ на Филип, очигледно е дека Диодор тука го ползувал Полибиј.

[47] Liv., 44.43.6. Станува збор за Евандар од Крит (Le Bohec 1985, no.16), Неон од Бојотија (Schoch, *RE,* „Neon (6)“, cols. 2429-30) и Архедам од Ајтолија (Wilcken, *RE,* „Archedamos

Персеј имал помалку хеленски *philoi* од Филип, делумно како последица на територијалните загуби по II Македонска војна.[48] Причината за ова е јасна: за разлика од македонските првенци кои ги игнорирале повиците на Персеј по катастрофата кај Пидна,[49] овие тројца – од кои барем двајца биле политички бегалци, кои не можеле да се вратат дома[50] – немале друг избор, освен да го следат кралот и да ја споделат неговата судбина.

Дејствувањето на Деметриј, кој и самиот морал да бега и да се засолни кај Филип по поразот во II Илирска војна, совршено се вклопува во овој модел на прибегар кој се ставил во служба на својот заштитник. Навистина, ова е спротивно на приказот на Полибиј, но со оглед на тенденциозноста и пристрасноста на ахајскиот историограф при анализата не само на Деметриј, туку и на Филип, неговото мислење не треба да се земе како клучен и пресуден аргумент.[51] Во периодот 219-215 г., Деметриј

(5)", col. 439). Анализа за придружбата на Персеј на Самотрака кај Ма 2011, 527-28, 542-43.

[48] O'Neil 2003, 520.

[49] Liv., 44.43; Plut., *Aem.*, 23.4-6. Јасен пример за однесувањето на македонските првенци по битката кај Пидна се Хипија, Мидон и Пентаух – истакнати македонски *philoi*, веројатно сите од Бероја (Tataki 1988, nos. 632, 901, 1011), кои го напуштиле Персеј, заминале во родниот град и го организирале предавањето на градот на Ајмилиј Паул, а Пентаух потоа и на Пидна (Liv., 44.45.2-7).

[50] Ма 2011, 528.

[51] Освен анализата за карактерот на Деметриј (3.19.9-11), два примери што јасно ја покажуваат пристрасноста на Полибиј е анализата на одлуката во 218 г. да се ограби и разруши Термон (5.7-14; 7.13.1-4); и колежот во Месена (*в. бел.* 54). Што се однесува до првиот пример, со оглед на младоста на кралот, Полибиј ја припишува одлуката за уништување на Термон на влијанието на советниците, а особено на Деметриј (5.12.5-8). Заклучокот дека Деметриј, а не Арат е виновен за уништувањето делува крајно неуверливо, зашто Арат имал многу повеќе причини за да ги мрази Ајтолците и да посакува да се одмазди (Walbank 1940, 55). Што се однесува пак до колежот во Месена, и Полибиј (7.10-14) и Плутарх (*Arat.* 49-50) го обвинуваат Филип и го сфаќаат како почеток на сè потиранското и крволочно однесување на „некогашниот миленик на Хелада". Деталите за тоа што точно се случило не се јасни, меѓутоа би било погрешно вината да се префрли единствено на Филип и Деметриј. Кралот несомнено имал одредена улога, особено во разгорувањето на страстите и на двете страни, но во крајна линија колежот бил меѓу самите политички противници во Месена, без негово директно учество. Всушност, станувало збор за само уште еден пример за *stasis*, толку карактеристичен за хеленските полиси. *v.* Gruen 1981, 171-173. Впрочем, и крајниот исход не бил во корист на Филип, поради што и Деметриј го убедувал да постави гарнизон во Месена, но се предомислил единствено по молбите и заканите на Арат. Hammond 1988, 397, секако е во право кога истакнува дека во дискусијата за иднината на Месена имаме типичен пример на

често фигурира како највазен и највлијателен советник на младиот крал, но ништо повеќе од тоа. Каква била неговата улога и уделот во креирањето на илирската политика на Филип, мора да остане отворено прашање. Меѓу советниците на Филип тој неспорно имал најголемо и непосредно познавање на состојбите во Илирија, и во таа смисла не изненадува што имал истакната улога и влијание на дворот, што сепак не значи и дека бил нејзиниот идеен творец.[52] Во тој контекст треба да се истакнат два интересни моменти. Прво, големата копнена офанзива во Илирија започнува во 213 г., односно по смртта на Деметриј.[53] Второ, ако бил творец на илирската политика, би очекувале главно да делува во тој правец. Но, Деметриј загинал најверојатно кон крајот на 214 г., кога по наредба на Филип се обидел да ја освои Месена.[54] Ова покажува дека во крајна линија, независно колкаво било влијанието на Деметриј, тој сепак бил во служба на кралот.

Иако навидум во спротивност со претходната анализа, всушност и споменувањето на Деметриј во договорот е показател за неговата очигледно важна и истакната, но во суштина подредена позиција. Имено, како што видовме, со договорот единствено е предвидено враќање на τοὺς οἰκείους, и ништо повеќе – ниту враќање на териториите со кои некогаш

---

„добар“ и „лош“ советник. Треба да се истакне дека претставата на Деметриј како „лош“ советник нема функција само на еден историографски топос, што е присутен уште од времето на Херодот, туку и му овозможува на Полибиј да постигне низа политички и методолошки цели – ја потврдува неговата теорија за ранливоста и поводливоста на младите кралеви кои зависат од советите на своите советници; во неколку прилики го ослободува Арат од вината што му ја префрла на Деметриј; но и го ослободува својот херој од моралната одговорност што воопшто и соработувал со еден тиранин како Филип, зашто додека бил под влијание на Арат, Филип бил надежен и добар владетел, а моралниот пад започнал со пристигнувањето на Деметриј од Фарос.

[52] Како што на пример го сфаќа Errington 1990, 193.

[53] Errington 1990, 193, ова го толкува во контекст на смртта на Деметриј, по што и пристапот на Филип се променил. Меѓутоа, бездруго не било потребно Деметриј да загине за Филип да ја сфати бесцелноста на продолжувањето на поморската офанзива, поготово што по поразот кај Орикум и Аполонија во 214 г. не располагал со значителна флота. Според тоа, доследноста и жестокоста на офанзивата во Илирија по смртта на Деметриј, покажува дека Филип сепак следел некои свои замисли и цели, независно од неговиот советник.

[54] Хронологијата за настаните во Месена не е сосема јасна поради фрагментарната состојба на делото на Полибиј. Тоа што се чини сигурно е дека првата интервенција претходела на походот во 214 г. *v.* Walbank 1967, 56-61; Paschidis 2008, 272-274; Kralli 2017, 300.

господарел, ниту пак некои што би можел да ги добие во иднина. Во идната организација на Илирија Деметриј несомнено би добил некоја истакната позиција, можеби слична на онаа што ја имал по I Илирска војна, но во секој случај тоа би било одлучено од Филип.[55] Според тоа, присуството на Деметриј во договорот не е во спротивност со претходната претпоставка за неговата улога и влијание на македонскиот двор. Се разбира, кога станува збор за лични влијанија и политички мотиви никогаш не можеме да бидеме сосема сигурни, но барем според расположливите извори нема потреба да се сомневаме дека последниот збор во креирањето на политиката сепак го имал Филип V.

3. Уште еден израз што заслужува внимание е *μηδ' εἶναι Ῥωμαίους κύριους, κτλ*. Суштината на одредбата е сосема јасна – елиминирање на римската контрола над споменатите територии, кои сега практично би влегле во македонската сфера на влијание. Според тоа, иако со договорот експлицитно не е предвидена македонска експанзија, сепак имплицитно се признавале претензиите и аспирациите на Филип во Илирија.[56] Проблемот е како да се протолкува поимот *κύριος*. Имено во науката долго време се води дискусија за природата на римското присуство во Илирија по I Илирска војна при што се предложени низа решенија – од непосредна контрола, до римски протекторат, или воспоставување на клиентски односи со некои политички заедници, па сè до низа неформални договори за *amicitia*.[57] Иако секоја од овие претпоставки има свои предности, но и слаби страни, со одредени резерви генерално ја прифаќам теоријата за неформалната природа на римското присуство во Илирија.[58] Не биле поставени римски гарнизони, ниту пак бил собиран данок, а секако немало ниту годишни римски магистрати. Се разбира, ова не значи дека Рим воопшто не се интересирал за собитијата во Илирија во годините по 229 г., ниту пак дека не можел по потреба повторно да интервенира на источното крајбрежје на Јадранското море – ова јасно го покажуваат војната со Истрите и, потоа, II Илирска војна. Според тоа, неформалниот карактер на римската власт најлесно може да се окарактеризира како давање на формална слобода на засегнатите заедници во

[55] Можеби со центар во Фарос, што и претходно бил седиште на Деметриј (*cf.* Eckstein 2008, 58-60).

[56] Errington 1989, 97; Id. 1990, 192.

[57] Поважните дела за оваа проблематика, каде се аргументирани и главните толкувања се Holleaux 1921, 104-112; Badian 1952; Petzold 1971; Gruen 1984, 17, 55-58, 367-368; Derow 1991; Eckstein 1999; Burton 2003.

[58] Детално образложена кај Eckstein 2008, 42-58; *cf.* Burton 2003.

Илирија - сѐ додека нивните дејствија и политики не ги загрозувале римските интереси, тие можеле да дејствуваат „слободно“ и самостојно.

Но, во тој случај се поставува прашањето како може во ситуација на една неформална и индиректна контрола, Римјаните да се опишат како κύριοι. Вообичаено излезот се бара во претпоставката дека станува збор за анти-римска пропаганда,[59] но мора да се признае дека ова не е задоволително и уверливо решение. Пропаганда наменета за кого? Можеме да ги исклучиме Картагинците, кои во овој момент имале многу поважни работи од неколку острови и области на Јадранот.[60] Секако не за Македонците, кои немале никаков интерес за овој простор, особено што македонските владетели ретко дејствувале во тој правец.[61]

Остануваат единствено сојузниците на Филип, односно членовите на Симахијата; и изгледа во тој правец размислува Н. Хамонд. Според него, политиката и одлуката да се склучи сојуз со Ханибал била разгледувана и прифатена на синедрионот на Симахијата, а потоа ратификувана од секоја членка поединечно; решение што барем за дел од полисите во Симахијата произлегувало од римската контрола на Коркира и пристаништата на Јадранот, со што биле загрозени нивните трговски интереси.[62] Претпоставката делува привлечно, и можеби е точна од формален аспект, но постојат неколку суштински проблеми. Прво, Симахијата била составена од којнони, а не од полиси, така што тешко е да се прифати дека заради трговските интереси на неколку полиси целиот којнон би гласал за војна, особено што повеќето којнони во сојузот биле копнено ориентирани, односно не претставувале традиционални поморски и трговски сили.[63] Второ и уште поважно, перформансите на членките во неодамна завршената Сојузничка војна биле толку очајни, што мора да

[59] Gruen 1984, 368 n.46; Eckstein 2008, 55.

[60] Според Walbank 1967, 44, договорот имал значителна пропагандна вредност за Хелените од јужна Италија. Ова можеби е точно, но попрво претставува резултат, односно ефект од договорот, а не и причина поради која е потпишан.

[61] Кус преглед за односите меѓу Македонија и Илирија од времето на Касандар до 220 г., вклучително и статусот на Деметриј од Фарос, кај Пановски 2014, 237-246. Всушност, дискутабилно е дали Македонците воопшто и имале збор во креирањето на надворешната политика (*сп.* бел. 10). Иако се споменуваат одделно од кралот, и од договорот и од наративните извори е јасно дека Филип ја креирал и усмерувал надворешната политика. Впрочем, бројните критики на Полибиј за политиката и на Филип и на Деметриј од Фарос не би имале никаква смисла, ако кралот не го имал последниот збор.

[62] Hammond 1988, 393-395.

[63] За составот и функциите на Симахијата, *v.* Le Bohec 1993, 378-397.

се прашаме дали Филип воопшто би вложил напор за да ја добие нивната помош.[64] Трето, во изворите не се споменува дејствување на сојузнички сили сè до почетокот на Ајтолската војна.[65] Последно, во изворите нема ниту едно директно споменување, па дури ни одглас, на претпоставената одлука на Симахијата, или пак ратификацијата на одлуката од која било од членките. Од друга страна пак, по неуспешниот напад на Филип на Аполонија и Орикум во 214 г., Валериј Лајвин за провинција ги добил Graecia Macedoniaque.[66] Подоцна и при склучувањето на сојузот со Ајтолскиот којнон, очигледно било предвидено дејствување не само против Филип, туку и против Симахијата.[67] Дали оваа одлука се должела на

[64] Згора на тоа, пустошењата и загубите во војната биле доволно сериозни за повеќето членки да посакуваат нејзино завршување, така што дури и да сакале, дискутабилно е во колкава мера би биле способни воено да му помогнат на хегемонот.

[65] Hammond 1988, 396, претпоставува дека во нападот 214 г. учествувале и сојузнички сили. Ова го темели на фактот што Филип минал низ Епир, и поради бројноста на војската, што тој ја проценува на приближно 12.000. Минувањето низ Епир само по себе не значи ништо – како хегемон на Симахијата, Филип секако имал право да минува низ територијата на една членка. Што се однесува пак до бројноста на војската, таа не е спомената во изворите и станува збор за претпоставка на Хамонд, што се темели на фактот што флотата на Филип во 214 г. била составена од 120 *lembi biremes* (24.40.2). Хамонд очигледно стигнува до бројката од 12.000, врз основа на тоа што во 216 г. флотата на Филип била составена од 100 обични лемби со околу 5.000 војници. Меѓутоа, лембите можеле да имаат различна конструкција со различен број на екипаж – од 16 до 50 веслачи (*v.* Casson 1986, 125-127). Според тоа не можеме со сигурност да кажеме дека лембите во 214 година имале двојно поголем капацитет. Згора на тоа, не треба да се заборави и претпоставката на Tarn 1905, 208 n.94, кој истакнува дека лембите на Филип ни претходно, а ни потоа (на пример во битката кај Хиос) не се биреми. Според него, бидејќи флотата пловела спротивно од речниот ток, Филип поставил по двајца веслачи на весло за да добие поголема сила. Ако е така, не мора да се инсистира на двојно поголем екипаж, како што прави Хамонд. Walbank 1940, 75 n.5, ја прифаќа теоријата на В. Тарн, и смета дека силите на Филип броеле околу 6.000. Овој број делува поприфатливо и од аспект на случувањата пред Орикум и Аполонија, каде Лајвин со својата *legio classica* ќе му нанесе тежок пораз на Филип. Не е веројатно дека Филип ќе се повлечел ако сè уште уживал бројна надмоќ (како што би било ако пристигнал со 12.000 војници). Во крајна линија, дури и да станува збор за 12.000, тоа не е толку голема бројка за да се инсистира на учество на сојузнички контингенти, поготово што Филип често користел и одреден број на платеници; така на пример во 218 г. Филип водел 6.000 Македонци и 1.200 платеници против Ликург од Спарта (Polyb., 5.2.11). Според тоа нема потреба да се претпостави дека сојузниците учествувале во походот во 214 г.

[66] Liv., 24.44.5.

[67] Liv., 26.24.7-15; Moretti II.87.

активно учество на членките во дотогашните операции, или можеби била примарно насочена против Филип како хегемон на Симахијата, или пак била отстапка кон Ајтолците, не можеме да кажеме со сигурност. Тоа што е јасно, е дека независно дали Симахијата официјално го ратификувала договорот, изгледа дека членките не зеле активно учество, а веројатно Филип тоа не го ни побарал.[68] Во таа смисла не делува веројатно дека κύριοι е наменето пред сè за хеленските сојузници на Филип.

Впрочем, самиот предлог за некаква пропаганда делува концепциски неуверлив, зашто во крајна линија станува збор за договор во кој се дефинирале правата и обврските на идните сојузници, а не за пропаганден материјал наменет за некоја трета страна.

Интересно е мислењето на Р. Ерингтон, според кого, изразот се должи на непријателското толкување на Деметриј од Фарос.[69] Деметриј несомнено влијаел врз Филип и неговата перцепција на ситуацијата во Илирија. Но, при првиот обид да ја освои Аполонија во 216 г., Филип очигледно ниту посакувал, ниту бил подготвен за судир со Рим.[70] Во таа смисла, ако тој верувал дека Илирија е под римска власт, веројатно воопшто не би го ни презел нападот во 216 г. Меѓутоа, по настаните во 216 г. Филип, кој и онака се интересирал за римската држава и нејзината структура,[71] можел и самиот да процени што се случува во Илирија. Иако за нас можеби делува неточно, или барем непрецизно, од аспект на Филип навистина изгледало дека Римјаните се господари на Јадранскиот брег – тоа било покажано и со војната против Истрите, и со II Илирска војна, но и со подготвеноста дури и во 216 г., односно во најкритичните мигови

[68] Плутарх (*Arat.*, 51.1), кој тука го следи Полибиј, споменува дека пред почетокот на походот во 214 г. Филип му понудил на Арат да му се придружи, но ахајскиот државник одбил. Не можам да го прифатам толкувањето на Hammond 1988, 396, дека отсуството на ахајската флота се должело на одлуката на Арат, поготово што ако Симахијата го ратификувала договорот (како што тој верува), Филип можел да инсистира на учество на ахајски контингент. Поканата треба да се сфати во контекст на ситуацијата во Хелада и особено на Пелопонес. Од текстот на Плутарх е јасно дека станува збор за покана лично до Арат, а не и прашање за испраќање на ахајски трупи: Ὁ δ' Ἄρατος ἀπορρέων ἤδη τῆς αὐλῆς καὶ κατὰ μικρὸν ἑαυτὸν ἀνακομιζόμενος ἐκ τῆς πρὸς τὸν Φίλιππον συνηθείας, διαβαίνοντος εἰς Ἤπειρον αὐτοῦ καὶ δεομένου συστρατεύειν, ἀπείπατο καὶ κατέμεινε, δεδιὼς ἀναπλησθῆναι δόξης πονηρᾶς ἀφ' ὧν ἐκεῖνος ἔπραττεν. Според тоа, информацијата треба да се стави во контекст на личните односи меѓу Филип и Арат, а не во контекст на Симахијата и евентуалното учество на сојузнички контингенти.

[69] Errington 1990, 192.

[70] Пановски 2021.

[71] *IG* IX.2 517, ll. 31-34. Иако во описот има одредени грешки, сепак тоа не го менува фактот дека Филип се интересирал за римскиот систем.

од II Пунска војна, да испратат една ескадра за да ја следи состојбата во Илирија. Всушност, токму ваквото сфаќање на *κύριοι* ја објаснува мотивацијата за склучувањето на сојуз со Ханибал. Ако Филип не верувал дека Римјаните се господари на Илирија, или барем дека се подготвени да се борат за влијание во Илирија, тогаш воопшто и не би имал потреба ниту да бара сојуз со Ханибал, ниту пак да вметне одредба со која се предвидувало римско повлекување од наведените територии.

4. Прашањето пак за причините што го навеле Филип воопшто да се сврти кон Илирија и да реагира толку агресивно, излегува од рамките на овој труд и тука сосема накусо може да се сублимираат заклучоците што беа образложени на друго место.[72] Станува збор за судирот со Скердилаида, во тоа време најмоќниот династ во Илирија, кој, иако претходно бил сојузник на Филип а изледа и член на Симахијата, поради неисполнетите обврски на македонскиот крал одлучил прво да заплени неколку сојузнички бродови, а подоцна и да ја нападне Македонија. Реакцијата на Филип, кој по мирот во Навпакт бил слободен да ги насочи своите сили во друг правец, била очекувано енергична и агресивна. Прво го отфрлил Скердилаида од Македонија и освоил и неколку погранични места, а потоа зимата 217/16 г. почнал да подготвува флота за борба со Скердилаида. Увод во таа борба претставувал планираниот напад на Аполонија, што завршил уште пред да почне, зашто неочекувано се појавила римска ескадра. Иако станувало збор за мала ескадра со задача единствено да испита што точно се случува, ова бил јасен сигнал дека Римјаните сепак нема да дозволат воспоставување на македонска власт на територии што сметале дека влегуваат во нивната сфера на влијание.

Според сè што беше кажано, можеме да заклучиме дека фијаското од 216 г., односно неуспешниот препад на Аполонија, претставувало пресвртна точка. Тогаш станало јасно дека независно од природата на римската власт или интереси во Илирија, Филип не ќе може да ги исполни своите планови и амбиции, а при тоа да избегне судир со Рим. Токму поради тоа се одлучил да склучи сојуз со Ханибал,[73] од кого не очекувал ди-

[72] Пановски 2014, 246-249; Id., 2021.

[73] Од изворите се стекнува впечаток дека Филип е тој што го иницирал контактот со Ханибал, и тоа генерално е прифатено во современата наука. Исклучок е Holleaux 1921, 182 n.4., но без поткрепа од изворите. Интересно е што може да се стекне токму таков впечаток од анализата на Полибиј на карактерот на Ханибал, каде меѓу другото вели καὶ μὴν τὰ κατὰ τὴν Σικελίαν ἔπραττε τὰς μὲν ἀρχὰς διὰ τῶν περὶ τὸν Ἱπποκράτην, ὕστερον δὲ διὰ Μυττόνου τοῦ Λίβυος. ὁμοίως δὲ καὶ κατὰ τὴν Ἑλλάδα καὶ τὴν Ἰλλυρίδα· καὶ τὸν ἀπὸ τούτων τῶν τόπων φόβον ἀνατεινόμενος ἐξέπληττε καὶ περιέσπα Ῥωμαίους

ректна помош, туку попрво признавање на македонските интереси во Илирија, кои би биле земени в предвид при евентуалните преговори меѓу Ханибал и Рим. Според тоа, дури во 215 г. политиката на Филип и дефинитивно станува анти-римска и води кон неизбежен судир со Републиката. Колку ваквата политика била мудра е сосема друго прашање. Од една страна Е. Бикерман, правилно заклучува дека ако Ханибал победел, подоцнежните генерации би го воспевале Филип како дипломатски гениј.[74] Но, од друга, Р. Ерингтон, кој земајќи ги предвид географските потешкотии но и историските традиции и потреби на Македонија се сомнева во полезноста од свртувањето кон Илирија, несомнено е во право кога заклучува дека со договорот со Ханибал Филип презел еден огромен и непотребен ризик.[75] Иако мора да бил свесен за ризикот, веројатно ниту самиот Филип не ги сфатил размерите на катастрофалната грешка што ја направил и што ќе доведе до падот на Антигонидите, и крај на македонското кралство.

* * *

Реконструкцијата понудена на претходниве страни во суштина почива на претпоставката дека иако договорот номинално предвидува непосредна соработка, тоа во суштина не било очекувано ниту од Ханибал, ниту од Филип, а секако не испраќање на македонски сили во Италија. Но, ако се покаже дека во одреден момент било предвидено синхронизирано дејствување на двете страни, тогаш целата реконструкција ќе мора да се доведе во прашање. Поради тоа, макар и накусо мора да се осврнеме на три настани од следните неколку години – можниот напад на Коркира во 215 г.; изградбата на флота во Лисос; и дејствувањето на Бомилкар во 209 и 208 г.

Да почнеме од крајот. Имено, во 209 г. изгледа била предвидена некаква соработка меѓу Филип и картагинскиот адмирал Бомилкар. Меѓу другото, Филип очекувал бродови и од Прусија од Битинија, а од Ахајците добил пет брода во замена за 4000 војници кои ги оставил да го бранат којнонот. Според Ливиј, целта била да се предизвика римската флота што дејствувала во Јонското и Јадранското море.[76] Во изворите

---

διὰ τῆς πρὸς Φίλιππον κοινοπραγίας (9.22.4-5). Сепак, јазикот не е доволно прецизен за да може да се донесе дефинитивен заклучок.

[74] Bickerman 1952, 23.

[75] Errington 1990, 191-192.

[76] Liv., 27.15.7, 30.15-16.

оваа флота повторно не се споменува, така што не е јасно што точно се случило, но се претпоставува дека битинската флота воопшто не се појавила, а пак Бомилкар се повлекол уште пред да оствари контакт со Филип.[77] Токму придвижувањето на Бомилкар го оставило Тарент во ранлива положба и лишен од поморска одбрана, со што било олеснето римското освојување на овој стратешки важен град.[78] Според тоа, која и да била конечната цел на здружувањето на Филип и Бомилкар, станувало збор за важна операција. Следната година Бомилкар повторно се приближил, овој пат до Коринтскиот залив, но стравувајќи од судар со римската флота, повторно се повлекол.[79] И покрај тоа што во случајов несомнено била предвидена соработка, таа мора да се стави во контекст на распадот на стратегијата на Ханибал, при што ситуацијата во Хиспанија стигнала до критичната точка, Сиракуса и Сицилија биле веќе загубени, а самиот тој во дефанзива и сè повеќе изолиран во Италија.[80] Ништо подобра не била ни ситуацијата на Филип, чии ресурси биле начнати до крајност, бидејќи Римјаните успеале да формираат широка коалиција против него, а во исто време господареле со морето, што претставувало сериозен стратешки хендикеп за кралот.[81] Во таа смисла, станува збор за околности што воопшто и не биле предвидени во 215 г., па не може да се земат како одраз на првичните цели на Филип и Ханибал при склучувањето на сојузот. Впрочем, и крајната цел на евентуалната соработка била разбивање на локалната римска таласократија и ништо повеќе од тоа.[82]

Хронолошки поблиско до потпишувањето на договорот, но и на околностите во кои е склучен, е прашањето за флотата во Лисос. Имено, според Н. Хамонд по освојувањето на Лисос[83] Филип почнал да гради но-

---

[77] Holleaux 1921, 240 n.2; Steinby 2007, 124-125.

[78] Steinby 2007, 124.

[79] Liv., 28.7.17-18.

[80] Hoyos 2003, 136-137.

[81] Преглед на текот на војната во овие години кај Walbank 1940, 82-96.

[82] Дека основната цел на Филип била неутрализирање на поморската доминација на Рим сведочи и фактот што по второто повлекување на Бомилкар, по што станало јасно дека не може да смета на картагинската флота, започнал со изградба на 100 големи воени бродови во Касандреја (Liv., 28.8.8). Со оглед на критичната ситуација во која се наоѓал Филип секако не можело да стане збор за испраќање на некакви засилувања во Италија.

[83] Хронологијата и деталите од походите на Филип во Илирија во 213 и 212 г. не се доволно јасни поради фрагментарноста на изворите. *v.* Walbank 1940, 80-81, 300; Id. 1967, 90-93; Hammond 1988, 398-399.

ва флота со која дури и би можел да му се придружи на Ханибал во Италија.[84] Ако ова е точно, тогаш договорот навистина ќе мора да се сфати и да се стави во друг контекст. Меѓутоа, оваа претпоставка нема никаква поткрепа во наративните извори,[85] туку се темели единствено врз анализата на нумизматичките. Ова е важно, зашто М. Клој сосема убедливо докажува дека толкувањето на Н. Хамонд е погрешно, а сериите на монети врз кои се темели неговата претпоставка не може да се поврзат со изградба на новата флота.[86]

Најсериозен проблем е информацијата за нападот на Коркира во 215 г., што според Н. Хамонд претставувал прв чекор во спроведувањето на договорот.[87] Со оглед на изворите, информацијата е крајно сомнителна. Имено, овој напад се споменува единствено кај Апијан и Зонара,[88] а двајцата автори очигледно ја следат аналистичката традиција, зашто ја пренесуваат преувеличената верзија на договорот. Згора на тоа, Апијан вели дека Коркира во овој период била римски сојузник, што не е точно. Работите стојат уште полошо со Зонара, според кого Филип пловел кон Коркира со цел да ја нападне Италија, но се повлекол кога разбрал дека се приближува флотата на Валериј Лајвин; а кога Лајвин пристигнал до Коркира, Филип го нападнал Орикум. Со оглед на проблемите со двата извори, претпоставката дека станува збор за дублет на експедицијата од 216 г. се чини прилично разумно.[89] Кога ова би било сѐ, дискусијата би можела да заврши тука. Но, постои уште еден извор кој можеби се однесува на овие настани. Имено, во второто писмо на Филип до жителите на Лариса што се датира ~август 215 г.,[90] тој споменува дека е среде поход.[91] Според тоа, барем теоретски, оваа информација можеби го потврдува

[84] Hammond 1988, 399. Прифатено од Eckstein 2008, 87 n.38.

[85] Навистина, Зонара (9.6) споменува уште еден неуспешен обид на Филип да ја освои Коркира по склучувањето на Римско-ајтолскиот сојуз. Меѓутоа, приказот содржи грешки, на пример дека претходно Ајтолците биле сојузници на Филип, така што не може да се земе безрезервно, поради што и генерално се отфрла од современата наука. Меѓутоа, дури и да се прифати како историчен приказот, тоа не мора да значи дека флотата била изградена во Лисос. Напротив, како и во претходните случаи, делува поверојатно дека Филип се приближил од југ, а не од север; или дека искористил локални транспортни бродови (*cf.* Kleu 2017, 116).

[86] Kleu 2017.

[87] Hammond 1988, 395 n.2. Со резерва и Eckstein 2008, 86.

[88] App., *Mak.* 1; Zon., 9.4.

[89] Holleaux 1921, 185 n.1.

[90] *IG* IX.2 517, l.39: година седма, Горпиај тринаесетти.

[91] *IG* IX.2 517, ll.37-38: ἕως ἂν ἐγὼ ἐπιστρέψας ἀπὸ τῆς [στρατ]είας διακούσω·

походот од 215 г. Но, не само што тоа не е сигурно, туку се чини дека има уште една информација што покажува дека одговорот треба да се бара во друг правец. Имено, за настаните по успешното потпишување на договорот од страна на вторите пратеници, Ливиј вели hi prospere tulerunt ac rettulerunt mandata; sed prius se aestas circumegit quam mouere ac moliri quicquam rex posset. – tantum nauis una capta cum legatis momenti fecit ad dilationem imminentis Romanis belli.[92] Клучот е во изразот *prius se aestas circumegit,* со што се исклучува можноста походот во август 215 г. споменат во писмото да се однесува на некакви дејствија против Рим.[93] Каде бил Филип и против кого војувал мора да остане прашање на спекулација,[94] но се чини дека не може да станува збор за евентуалниот напад на Коркира.

## БИБЛИОГРАФИЈА


Adams, W. L. „Philip V, Hannibal and the Origins of the First Macedonian War." *Ancient Macedonia* V: *Papers read at the Fifth International symposium held in Thessaloniki,*(1993), 41-50.

Aymard, A. „Le protocole royal grec et son évolution." *Revue des Études Anciennes* 50.3-4 (1948), 232-263.

Badian, E. „Notes on Roman Policy in Illyria (230-201 B.C.)." *Papers of the British School at Rome* 20 (1952), 72-93

Bagnall, R. S. & Derow, P. *The Hellenistic period: historical sources in translation*$^2$. Blackwell Pub., Malden & Oxford, (2004).


---

[92] 23.39.4.

[93] Дополнителна слабост во теоријата е што Н. Хамонд, тргнувајќи од молкот на Ливиј, претпоставува дека операцијата можеби била успешна, односно завршила со освојување на Коркира, при тоа игнорирајќи го Зонара (иако целата теза се темели на неговиот приказ), кој истакнува дека Филип се повлекол кога разбрал за пристигањето на римската флота.

[94] Според Walbank 1940, 298-299, можеби станува збор за некој поход на север што не оставил трага во фрагментарните извори, или пак Филип на крајот воопшто и не го презел походот (според неговото толкување походот сè уште не бил започнат, туку Филип се подготвувал за него). Bagnall & Derow 2004, 68 претпоставуваат дека можеби станува збор за некој од нападите на Месена. Ова е можно, но за жал како што беше споменато хронологијата на настаните околу Месена не е доволно прецизна. Првата интервенција на Филип може да е или 216/5, или 215/4 г., односно или лето-есен 215 г., или пролет 214 г. (Walbank 1967, 56-57).

Barré, M. L. *The God-list in the treaty between Hannibal and Philip V of Macedonia: A Study in Light of the Ancient Near Eastern Treaty Tradition*. The Johns Hopkins UP, Baltimore & London, 1983.

Bickerman, E. J. „An Oath of Hannibal." *Transactions and Proceedings of the American Philological Association* 75 (1944), 87-102.

_____. „Hannibal's Covenant." *The American Journal of Philology* 73.1 (1952), 1-23.

Burton, P. (2003): „Clientela or Amicitia? Modeling Roman International Behavior in the Middle Republic (246–146 BC)." *Klio: Beiträge zur Alten Geschichte* 85 (2003), 333–369.

Casson, L. *Ships and seamanship in the ancient world* (with Addenda and Corrigenda). Princeton UP, Princeton, (1986).

Derow, P. S. „Pharos and Rome." *Zeitschrift für Papyrologie und Epigraphik* 88 (1991), 261–70.

Dow, S. & Edson, C. F. „Chryseis: A Study of the Evidence in Regard to the Mother of Philip V." *Harvard Studies in Classical Philology* 48 (1937), 127-180.

Eckstein, A. M. „Pharos and the Question of Roman Treaties of Alliance Overseas in the Third Century BC." *Classical Philology* 94.4 (1999), 395–418.

_____. *Rome Enters the Greek East. From Anarchy to Hierarchy in the Hellenistic Mediterranean, 230-170 BC*. Blackwell, Malden-Oxford-Victoria, 2008.

Edson, C. F. „Macedonica." *Harvard Studies in Classical Philology* 51 (1940), 125-136.

Errington, R. M. „Philip V, Aratus, and the 'Conspiracy of Apelles'." *Historia: Zeitschrift für Alte Geschichte* 16.1, (1967), 19-36.

_____. „Macedonian 'Royal Style' and Its Historical Significance." *The Journal of Hellenic Studies* 94 (1974), 20-37.

_____. „The Nature of the Macedonian State under the Monarchy." *Chiron* 8 (1978), 77-133.

_____. „Rome and Greece to 205 BC." In *The Cambridge Ancient History* VIII$^2$. Edited by A. E. Astin et al. Cambridge UP, Cambridge, (1989), 81-106.

_____. *A History of Macedonia*. University of California Press, Berkeley, (1990).

Gruen, E. S. „Philip V and the Greek Demos." In *Ancient Macedonian Studies in Honour of Charles F. Edson*. Edited by H. J. Dell. Institute of Balkan studies, Thessalonika, (1981), 169-182.

_____. *The Hellenistic world and the coming of Rome*. University of California Press, Berkeley, (1984).

Hallward, B. L. „The Roman Defensive." In *The Cambridge Ancient History* VIII. Edited by S. A. Cook et al. Cambridge UP, Cambridge, (1930), 57-82.

Hammond, N. G. L. „The Reigns of Philip V and Perseus." In N. G. L. Hammond & F. W. Walbank, *A History of Macedonia* III. Clarendon Press, Oxford, (1988), 367-569.

Hatzopoulos, M. B. *Ancient Macedonia*. De Gruyter, Berlin (2020).

Holleaux, M. *Rome, la Grèce et les monarchies hellénistiques au IIIe siècle avant J. C. (273-205)*. E. de Boccard, Paris, 1921.

Hoyos, D. „Barcid 'proconsuls' and Punic politics, 237–218 BC." *Rheinisches Museum für Philologie* (n.f.) 137.3/4 (1994), 246-274.

_____. *Hannibal's Dynasty. Power and politics in the western Mediterranean, 247–183 BC*. Routledge, London & New York, 2003.

Kleu, M. „Philip V, the Selci Hoard and the supposed building of a Macedonian fleet in Lissus." *Ancient History Bulletin* 31.3/4 (2017), 112-119.

Kralli, I. *The Hellenistic Peloponnese: interstate relations - a narrative and analytic history, from the fourth century to 146 BC*. The Classical Press of Wales, Swansea, (2017).

Kromayer, J. „Hannibal als Staatsmann." *Historische Zeitschrift* 103.2 (1909), 237-273.

Le Bohec, S. „Les Philoi des Rois Antigonides." *Revue des Études Grecques* 98 (1985), 93-124.

_____. 1993. *Antigone Dôsôn, roi de Macédoine*. Presses universitaires de Nancy, Nancy.

Ma, J. „Court, King, and Power in Antigonid Macedonia." In *Brill's Companion to Ancient Macedon. Studies in Archaeology and History of Macedon, 650 BC–300 AD*. Edited by R. J. Lane Fox. Brill, Leiden, (2011), 521-543.

O'Neil, J. L. „The ethnic origins of the friends of the Antigonids." *The Classical Quarterly* (n.s.) 53.2 (2003), 510–522.

Пановски, С. „Македонско-илирските односи кон крајот на III век ст.е.". In *Македонско-хрватски книжевни, културни и јазични врски*. Уредник М. Јакимовска-Тошиќ. Институт за македонска литература, Скопје, (2014), 237-259.

_____. „Кобниот совет на Агелај." *Годишен Зборник на Филозфскиот факултет* 73 (2020), 125-140.

_____. „Филип V и Аполонија во 216 г." *Годишен Зборник на Филозфскиот факултет* 74 (2021), *во печат*.

Paschidis, *P. Between city and king: prosopographical studies on the intermediaries between the cities of the Greek mainland and the Aegean and the Royal Courts in the Hellenistic period (322-190 BC)*, (ΜΕΛΕΤΗΜΑΤΑ 59). Research Centre for Greek and Roman Antiquity - National Hellenic Research Foundation, Athens, (2008).

Petzold, K.-E. „Rom und Illyrien: Ein Beitrag zur römischen Außenpolitik im 3. Jahrhundert." *Historia: Zeitschrift für Alte Geschichte* 20.2/3 (1971), 199-223.

Polybe, *Histoires. Livres VII-VIII et IX*. Texte établi et traduit R. Weil (Budé). Les Belles lettres, Paris, (1982).

*Polybii Historiae, vol. II, Libri IV-VIII*, (editio stereotypa). Ed. a L. Dindorfio cur. retractavit Th. Buettner-Wobst. Teubner, Stutgardiae, (1995).

Steinby, C. *The Roman republican navy: from the sixth century to 167 B.C.* Societas scientiarum fennica, Helsinki, (2007).

Tarn, W. W. „The Greek Warship (Continued)." *The Journal of Hellenic Studies* 25 (1905), 204-224.

Tataki, A. *Ancient Beroea: Prosopography and Society*, (ΜΕΛΕΤΗΜΑΤΑ 8). Research Centre for Greek and Roman Antiquity - National Hellenic Research Foundation, Athens, (1988).

Walbank, F. W. *Philip V of Macedon*. Cambridge UP, Cambridge, (1940).

_____. *A Historical Commentary on Polybius*, vol.2. Clarendon Press, Oxford, 1967.

Stefan PANOVSKI
Faculty of Philosophy, Skopje

## PHILIP V AND THE ALLIANCE WITH HANNIBAL

(summary)

In the summer of 215 BC, the Romans captured the Macedonian and Carthaginian envoys who were sailing to Macedonia. Among other things, they found a copy of the agreement for an alliance between Philip V and Hannibal. It is this document that the paper deals with, starting with a Macedonian translation supplemented with notes on the main issues in the text. The second part of the paper is a closer consideration of the clauses in the agreement pertaining the situation in Illyria. Firstly, the role of Demetrios of Pharos in the decision making and his influence on the policies of Philip. After an analysis of his presence in the document as well as his portrayal in Polybios' Histories, it is concluded that as important and influential as he was, in the end he was in the service of Philip and was obedient follower of his. In fact he fits perfectly with some other examples of foreign philoi whose standing in the court rested solely on the king's goodwill, and as such were more willing executioners of his plans than some of his Macedonian ones. Secondly, the meaning of κύριοι, and the nature of the roman presence in Illyria is discussed. While the theory that the roman presence was informal is accepted with slight reservations, the notion that κύριοι should be understood as propaganda is rejected. It is maintained that the events in the last few years - the Istrian War, the II Illyrian War, and perhaps most important of all, the sending of the small fleet to inspect what was going on in 216 which induced Philip to retreat, persuaded the king that the Romans are not ready to relinquish their interests in Illyria without a fight. Though the term might be misleading, from Philip's point of view it was not erroneous to consider the Romans as masters of the places mentioned in the agreement. It was this notion precisely – that the Romans will not forfeit their interests in Illyria even though they were embroiled in the war with Carthage, that induced him to seek an alliance with Hannibal, and it was from this point on that his policy became anti-roman, though his focus remained solely on Illyria, and certainly not on Italy. Therefore the proposed sequence of events leading to the alliance with Hannibal, is (1) War with Scerdilaidas, part of which was the abortive attack on Apollonia in 216 BC; (2) realization that despite its commitment to the war against Hannibal, Rome would interfere in Illyria if need be; (3) an alliance with Hannibal, whose main purpose was a division of the spheres of influence, that is areas of operation. As an appendix, in the end follows a short discussion of three events from the next few years – the attack on Corcyra in 215 BC, the alleged building of a fleet at Lissos, and the activities of Bomilkar.

The conclusion reached is that the first two instances lack a solid foundation in the sources, and therefore should be discarded; while the activities of Bomilkar are in a radically different circumstances than the ones envisioned in the agreement, and therefore have no bearing on the initial intentions of both sides when concluding the alliance.